**ПРИЛОГ II - Образец за структурата на Годишниот план на внатрешната ревизија**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 05 - 266/13
29-01-2024 20 ___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ГОДИШЕН ПЛАН

на Единицата за внатрешна ревизија во

## Судски совет на РСМ

за извршување на внатрешните ревизии во Судството

за 2024 година

*Јануари 2024 година, Скопје*

**Содржина**

I. ВОВЕД

II. ВРСКА ПОМЕЃУ СТРАТЕШКОТО И ГОДИШНОТО ПЛАНИРАЊЕ

2.1. Усогласеност на планираните ревизии со Стратешкиот план

2.2. Активности во врска со остварувањето на целите на внатрешната ревизија

III. АКТИВНОСТИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ВО 2023 ГОДИНА

3.1. Ревизии кои се пренесени од претходната година

3.2. Поединечни ревизии 2023 година

3.3. Други активности на внатрешната ревизија

IV. КАДРОВСКИ КАПАЦИТЕТИ

4.1. Утврдување на можен број ревизорски денови во годината

4.2. Пресметка на потребното време за активностите во Годишниот план

V. ЗАКЛУЧОК

## I. ВОВЕД

Годишниот план за 2024 година е изготвен врз основа на Стратешкиот план за 2024-2026 година на внатрешната ревизија донесен од страна на Претседателот на Судскиот совет и Претседател на Судскиот буџетски совет.

Во него се содржани активностите на внатрешната ревизија во врска со остварувањето на целите на ЕВР од Стратешкиот план за 2024-2026 година, со што се одредени целите, опфатот и ресурсите кои се потребни за извршување на секоја поединечна ревизија за 2024 година.

Во случај на потреба, а поврзано со значителните промени кои може да се појават во работењето во текот на годината и кои влијаат на активностите на внатрешната ревизија, Годишниот план ќе биде ажуриран.

Секоја промена на Годишниот план го одобрува Претседателот на Судскиот совет и Претседател на Судскиот буџетски совет.

## II. ВРСКА НА СТРАТЕШКОТО И ГОДИШНОТО ПЛАНИРАЊЕ

### 2.1. Усогласеност на планираните ревизии со Стратешкиот план

Поединечните ревизии планирани за 2024 година се усогласени со усвоениот Стратешки план за ревизија за 2024-2026 година.

Односот помеѓу активностите кои се планирани во стратешкиот и годишниот план прикажан е во следната табела:

***Табела 1: Врска на планираните ревизии во Стратешкиот и Годишниот план***

| Приоритетни области на ревизија во првата година на Стратешкиот план | Планирани ревизии во тековната година |
|---|---|
| Зајакнување на системот на управување и контрола (грижа за имотот)<br>(ОС Штип) | Системот на внатрешни контроли во процесот на извршување на пописот<br>(постапките и процедурата) |
| Зајакнување на системот на управување и контрола (грижа за имотот)<br>(ОС Гевгелија) | Системот на внатрешни контроли во процесот на извршување на пописот<br>(постапките и процедурата) |
| Зајакнување на системот на управување и контрола (грижа за имотот)<br>(ОС Кочани) | Оценка на регуларноста и примената на законските постапки во извршување на пописите |
| Follow - up внатрешна ревизија на препораките дадени од ЕВР<br>(ОС Тетово) | Оценка на степенот на имплементацијата на дадените препораки од страна на ЕВР |
| Follow - up внатрешна ревизија на препораките дадени од ЕВР<br>(ОС Виница) | Оценка на степенот на имплементацијата на дадените препораки од страна на ЕВР |
| Внатрешна ревизија за работењето на било кој субјект од Судството на евентуално барање на раководството | Предметот и субјектот на ревизијата на барање се определуваат согласно состојбите во процесите проценети како ризични |

Во 2023 година поради промени во раководната структура на субјектот и поради чести протести и штрајкови на вработените во судовите, Годишниот план не е реализиран во целост.

Незавршените ревизии во 2023 година се пренесуваат во следната година и се вклучени во Годишниот план за 2024 година.

## 1.2. Активности поврзани со остварувањето на целите на внатрешната ревизија

Внатрешна ревизија ќе ги спроведе следните активности и поединечни ревизии со цел реализација на поставените цели, односно насоката на работа на внатрешната ревизија:

**Табела 2: Активности поврзани со остварувањето на целите на ЕВР**

| Бр. | Цел на внатрешната ревизија | Активности на внатрешната ревизија за остварување на целите | Планирање на поединечните ревизии |
|---|---|---|---|
| 1 | Зајакнување на системот на управување и контрола (грижа за имотот) | **Извршување на поединечна ревизија** | Системот на внатрешни контроли во процесот на извршување на пописот (постапките и процедурата) |
| 2 | Зајакнување на системот на управување и контрола (грижа за имотот) | **Извршување на поединечна ревизија** | Оценка на регуларноста и примената на законските постапки во извршување на пописите |
| 3 | Зајакнување на системот на управување и контрола (грижа за имотот) | **Извршување на поединечна ревизија** | Системот на внатрешни контроли во процесот на извршување на пописот (постапките и процедурата) |
| 4 | Оценка на степенот на имплементација на дадените препораки од страна на ЕВР, влијание врз зајакнувањето на внатрешните контроли | **Следење на спроведувањето на препораките** | Степенот на имплементација на препораките дадени од страна на внатрешната ревизија за Судство |
| 5 | Подобрување на кадровските капацитети на ЕВР | **Обука на работно место на помлад соработник - внатрешен ревизор** | Вклучување на помладиот соработник - внатрешен ревизор во процесот на изведување на планираните внатрешнате ревизии како дел од обуката |

# III. АКТИВНОСТИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ВО 2023 година

## 3.1. Ревизии пренесени од претходната година

Од Годишниот план за 2023 година, не се спроведени следните поединечни ревизии и истите се вклучени во Годишниот план за 2023 година:

- Системот на внатрешни контроли во процесот на извршување на пописот во ОС Штип
- Оценка на регуларноста и примената на законските постапки во извршување на пописите во ОС Кочани
- Системот на внатрешни контроли во процесот на извршување на пописот во ОС Гевгелија

## 3.2. Поединечни ревизии во 2024 година

Внатрешна ревизија во 2024 година ќе ги спроведе следните поединечни ревизии поради реализација на целите кои се дефинирани во Стратешкиот план за период 2024 - 2026 година како што следува:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Име на ревизијата** | Системот на внатрешни контроли во процесот на извршување на пописот (постапки и процедури) | Системот на внатрешни контроли во процесот на извршување на пописот (постапки и процедури) | Системот на внатрешни контроли во процесот на извршување на пописот (постапки и процедури) | Follow - up внатрешна ревизија на препораките дадени од ЕВР |
| **Ниво на ризик (висок, среден, низок)** | Висок до среден | Висок до среден | Висок до среден | Среден |
| **Цел на ревизијата** | Оценка на регуларноста и примената на законските постапки во извршување на пописите, зајакнување на внатрешните контроли во постапките за изведување на процесот | Оценка на регуларноста и примената на законските постапки во извршување на пописите, зајакнување на внатрешните контроли во постапките за изведување на процесот | Оценка на регуларноста и примената на законските постапки во извршување на пописите, зајакнување на внатрешните контроли во постапките за изведување на процесот | Оценка на степенот на имплементацијата на дадените препораки од страна на ЕВР |
| **Опфат на ревизијата** | Постапките во извршување на пописот за 2022 година во 2023 година | Постапките во извршување на пописот за 2022 година во 2023 година | Постапките во извршување на пописот за 2022 година во 2023 година | Планирањето на буџет, организација на процесот и вградените внатрешни контроли |
| **Организациони единици вклучени во Ревизијата** | ОС Штип | ОС Гевгелија | ОС Кочани | ОС Тетово / ОС Виница |
| **Институции во надлежност** | ОС Штип | ОС Гевгелија | ОС Кочани | ОС Тетово / ОС Виница |
| **Ревизорски методи** | Аналитички техники, споредба со важечките прописи, тестирање, преглед на документација, интервјуа | Аналитички техники, споредба со важечките прописи, тестирање, преглед на документација, интервјуа | Аналитички техники, споредба со важечките прописи, тестирање, преглед на документација, интервјуа | Аналитички техники, тестирање, интервјуа |

Планираните ревизии ќе бидат спроведени според динамика и термински план прикажан во следниот табела:

***Табела 3: Годишен план за ревизија – приказ по месеци***

| Име на ревизија | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Системот на внатрешни контроли во процесот на извршување на пописот во ОС Штип | | | | | | | | | | X | X | |
| Системот на внатрешни контроли во процесот на извршување на пописот во ОС Гевгелија | | | | | | | | X | X | | | |
| Системот на внатрешни контроли во процесот на извршување на пописот во ОС Кочани | | | X | X | | | | | | | | |
| Follow - up внатрешна ревизија на препораките дадени од ЕВР | | | | | X | X | | | | | | |
| Внатрешна ревизија за работењето на евентуално барање на раководството | | | | | | | | | | | | X |

### 3.3. Други активности на внатрешната ревизија

Покрај претходно наведените ревизии, планирано е извршување на други активности од страна на ЕВР, и тоа:

- извршување на внатрешна ревизија за работењето на било кој субјект во Судството на евентуално барање на раководството. Предметот и субјектот на ревизијата се определуваат согласно состојбите во процесите проценети како ризични
- следење на Стратешкиот план за 2024-2026 година и ажурирање на истиот
- подготовка и изработка на Годишниот извештај на ЕВР за 2023 година
- следење на имплементацијата на препораките дадени во ревизорските извештаи
- изготвување на извештаи, претходни и конечни, како и предлог - акциски планови за имплементација на дадените препораки
- следење на имплементацијата на препораките преку ad-hoc ревизиии
- анализи и проценки на напредокот на состојбите во работењето на субјектите
- изработка на процедурите за извршување на процесите кои се извршуваат од страна на ЕВР
- подготовка и изработка на Стратешкиот план на ЕВР за 2025-2027 година
- подготовка и изработка на Годишниот план на ЕВР за 2025 година
- други активности врзани со функционирањето на внатрешната ревизија

## IV. КАДРОВСКИ КАПАЦИТЕТИ

### 4.1. Утврдување на број на ревизорски денови во годината и потребно време за реализација на планираните активности

Вкупниот број на ревизорски денови во тековната година се пресметува за секој ревизор одделно (прилог 2.)

*Табела 4: Пресметка на бројот на ревизорски денови во 2023 година*

| Број | Опис | Број на денови<br>Ревизор 1. | Број на денови<br>Ревизор 2. (на обука) |
|---|---|---|---|
| 1 | Вкупен број на денови во годината | 365 | 365 |
| 2 | Број на денови во викендите | 105 | 105 |
| 3 | Број на денови на празници | 11 | 11 |
| 4 | Вкупно работни денови во годината | 249 | 249 |
| 5 | Број на денови на годишен одмор во 2023 година | 25 | 25 |
| 6 | Семинари и едукации | 7 | 12 |
| 7 | Непредвидени случувања и нарачани ревизии (15%) | 37 | 37 |
| 8 | Изработка на планови, стручни мислења, состаноци (10%) | 30 | 30 |
| 9 | Број на ревизорски денови во годината | 150 | 145 |
| 10 | Број на ревизорски денови предвидени за една ревизија | 35 | 35 |
| 11 | Број на планирани ревизии во годината | 4 | 4 |

### 4.2. Пресметка на потребното време за активностите во Годишниот план

Задачите на ревизијата и потребните денови се доделуваат на активностите во Годишниот план прикажано во табела 4.

*Табела 5: Пресметка на потребното време за ревизорските активсности во 2023 година*

| | | |
|---|---|---|
| 6 | Семинари и едукации | 7 |
| 7 | Непредвидени случувања и нарачани ревизии (15%) | 37 |
| 8 | Изработка на планови, стручни мислења, состаноци (10%) | 30 |
| | Вкупно денови: | 74 |

Во Прилог на овој план, наведена е листата на институции во надлежност за кои се врши внатрешна ревизија: 27 основни судови, 4 апелациони судови, Виш управен суд, Управен суд, Врховен суд на РМ, Академијата за судии и јавни обвинители како и Судски совет на РСМ.

## V. ЗАКЛУЧОК

Во текот на 2024 година внатрешната ревизија ќе ги насочи своите активности кон придонес во намалување на негативните наоди на надворешната ревизија во областа на управувањето со имотот.

Системот на внатрешни контроли во процесот на извршување на пописот (постапки и процедури) оценет како високо ризичен ќе биде предмет на ревизија во повеќе субјекти во Судството со цел оценка на регуларноста и примената на законските постапки во извршување на пописите, зајакнување на внатрешните контроли во постапките за изведување на процесот.

Своите активности во текот на 2024 година внатрешната ревизија ќе ги насочи и кон

- осигурување на квалитетот на своите ревизии и извршување на Годишниот план
- степенот на имплементација на препораките дадени од страна на внатрешната ревизија за Судство
- вклучување на помладиот соработник - внатрешен ревизор во процесот на изведување на планираните внатрешнате ревизии
- јакнење на соработката на внатрешната ревизија со Академијата за обуки на судии и јавни обвинители, согласно потребите на одредени целни групи во Судството

Датум: ____________2024 год.

**Весна Дамева**

Претседател на Судски совет и

Претседател на Судски буџетски совет

**Горан Јосифовски**

Независен внатрешен ревизор

***Прилог 2:***

Пресметка на бројот на ревизорски денови во 2024 година

| | Ревизор 1.<br>Бр. на денови | Ревизор 2.<br>Бр. на денови |
|---|---|---|
| Вкупен број на денови во годината | 365 | 365 |
| Број на денови во викендите | 105 | 105 |
| Број на денови на празници | 11 | 11 |
| Вкупно работни денови во годината | 249 | 249 |
| Број на денови на годишен одмор во 2023 година | 25 | 25 |
| Семинари и едукации | 7 | 12 |
| Непредвидени случувања и нарачани ревизии (15%) | 37 | 37 |
| Изработка на планови, стручни мислења, состаноци (10%) | 30 | 30 |
| Број на ревизорски денови во годината | 150 | 145 |
| Број на ревизорски денови за една ревизија | 35 | 35 |
| Вкупен број на ревизии во годината | 4 | 4 |

***Прилог 1:***

| **Број** | **Субјекти во Судство** | **Број** | **Субјекти во Судство** |
|---|---|---|---|
| 1 | Судски совет на РСМ | 19 | Основен суд Охрид |
| 2 | Врховен суд на РСМ - Скопје | 20 | Основен суд Ресен |
| 3 | Управен суд - Скопје | 21 | Основен суд Струга |
| 4 | Виш управен суд - Скопје | 22 | Апелационен суд Штип |
| 5 | Апелационен суд Скопје | 23 | Основен суд Штип |
| 6 | Основен суд Скопје 1 | 24 | Основен суд Свети Николе |
| 7 | Основен суд Скопје 2 | 25 | Основен суд Кочани |
| 8 | Основен суд Велес | 26 | Основен суд Виница |
| 9 | Основен суд Кавадарци | 27 | Основен суд Делчево |
| 10 | Основен суд Неготино | 28 | Основен суд Берово |
| 11 | Основен суд Гевгелија | 29 | Основен суд Радовиш |
| 12 | Основен суд Куманово | 30 | Основен суд Струмица |
| 13 | Основен суд Кратово | 31 | Апелационен суд Гостивар |
| 14 | Основен суд Крива Паланка | 32 | Основен суд Гостивар |
| 15 | Апелационен суд Битола | 33 | Основен суд Тетово |
| 16 | Основен суд Битола | 34 | Основен суд Дебар |
| 17 | Основен суд Прилеп | 35 | Основен суд Кичево |
| 18 | Основен суд Крушево | 36 | Академија за судии и јавни обвинители |